СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-756/2

13.03.2025 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 46-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 13.03.2025 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Сибел Туфекџи, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Арѓент Асани, Рамазан Зулбеари, Миѓен Зендели, Неџби Дервиши и Валбона Адили Емини.

Отсутен беше советникот: Ќамер Клоси.

На седницата беа присутни и: Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Ленче Србиноска и Фисник Фејза -претставници од општинската администрација, помошник директорот на ЈП,,Комуналец“, раководителот на секторот за финансии на ,,Комуналец“ директорот на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“, ВД Директорот на ООУ,,Кузман Јосифоски Питу“, директорот на ООУ ,,Д-р. Владимир Полежиноски“, директорот на ОУ,, Санде Штерјоски, директорот на ЦОУ,, Христо Узунов“, директорот на ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу“ с. Србица, директорот на ООУ,, Ѓ.К.Скендербеу“, директорот на ЦОУ,, Милто Гура“, директорот на ЦОУ,, Наим Фрашери“, заменик директорот на ОУ,, Фаик Коница“, директорот на ОУ,,Реџо Рушити“, ВД Директорот на ОСУ ,,Мирко Милески“, Директорот на ОСУ ,,Дрита“ , ВД директорот на ЈОУДГ,, Олга Мицеска“.

Претседателот на советот го стави на усвојување Записникот од одржаната 45-та седница на Советот на Општина Кичево одржана на 18.02.2025 г. и истиот се усвои со 21 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н   Р Е Д</u>**

1. Предог Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2025 г.

2. Усвојување на Финансискиот извештај за работа на Општина Кичево за 2024 година.
3. Усвојување на Завршна сметка на Општина Кичево за 2024 година.
4. Усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП ,,Комуналец“ Кичево за 2024 година.
5.Усвојување на Завршна сметка на ЈП,,Комуналец“ Кичево за 2024 година.
6.Предлог Одлука за давање на согласност на Статутот на ЈП,,Комуналец“ Кичево.
7. Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОСУ,, Мирко Милески“ Кичево
8.Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОСУ,,Дрита“ Кичево.
9.Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ,, Санде Штерјоски“ Кичево.
10.Усвојување на Завршна сметка за 2024г. на ОУ,,Д-р Владимир Полежиноски“.
11.Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ,, Фаик Коница“ с.Грешница.
12. Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ,, Реџо Рушити“ с. Зајас.
13. Усвојување на Завршна сметка за 2024 г на ЦОУ,, Милто Гура“ с. Стрелци.
14. Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ЦОУ,,Наим Фрашери“ с. Јагол Доленци
15.Усвојување на Завршна сметка за 2024 на ОУ,,Ѓерк Кастриоти- Скендербег“ Србица.
16. Усвојување на Завршна сметка за 2024 на ОУ,,Христо Узунов“ Другово.
17. Усвојување на Завршна сметка за 2024 на ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево

18.Усвојување на Завршна сметка за 2024 г.на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево.
19. Предлог Одлука за давање согласност на Статут на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево.
20. Усвојување на Завршна сметка за 2024 г.на ОУ,,Кузман Јосифоски Питу“Кичево.
21. Усвојување на Извештајот за попис за 2024 г. во Општина Кичево.
22. Предлог Одлука за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад.
23. Предлог Решение за именување на членови во заедничка комисија.
24. Заклучок за давање на позитивно мислење на Одлуката за утврдување на распоредот на работнотот време на ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево.
25. Предлог Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за ГП 5.58 и ГП 5.59 од ДУП измена и дополна, за населба ,,Горно Пашино“, УЕ ,,Е“, Блок Е5-дел 2, Општина Кичево.
26.Предлог Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за градежни парцели од ДУП на гарад Кичево- измена и дополна за нас. ,,Копачка -2“(КП 4257/2 и др.КО Кичево 1), Општина Кичево.
27.Разно.

**Игор Стојаноски**- Ги поздрави присутните и информира дека на одржаната координација, било одлучено на дневен ред да не бидат за оваа седница точките од урбанизам и со тоа се согласиле сите. Истакна дека тоа не било фер и побара да се повлечат тие точки од дневен ред за оваа седница.

**Претседателот на советот**- Информира дека навистина така било одлучено на координација за тие две точки, но на барање на странките и со консултација се ставени на дневен ред.

**Иванчо Божиноски**- Побара да дојде преставник од урбанизам и да каже во што била итноста за да тие точки се стават на дневен ред за оваа седница.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот да се повлечат од дневен ред точките од урбанизам на оваа седница и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА, 9 гласа ПРОТИВ и 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предог Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2025 г.

**Бурим Кадриу**-Информира дека проширувањето на средствата во буџетот е потребно поради грантот што го добил ОУ,,Д-Р Владимир Полежиноски“ од ,,ЕРАЗМУС“. Истакна дека за да се реализираат тие средства, потребно било да се зголеми буџетот во делот на донации за околу 2,5 милиони денари.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предог Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2025 г. и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2. ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на Финансискиот извештај за работа на Општина Кичево за 2024 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека извештајот е составен од надлежностите на општината. Истакна дека буџетот има реализација од 94%, а потоа детално ја образложи реализацијата на приходите. Информира дека во извештајот се преставени и расходите кај кои има реализација од 38,37% и ги образложи по ставки и потставки. Потоа, детално ја образложи реализацијата на буџетот за 2024 г. по програми кои се преставени во финансискиот извештај. Истакна дека во извештајот се наведени и билансот на состојба на општината и органот, како и обврските на општината кон добавувачите кои биле намалени во однос на предходната година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Финансискиот извештај за работа на Општина Кичево за 2024 година и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3. ТРЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка на Општина Кичево за 2024 година

**Бурим Кадриу-** Информира дека Завршната сметка и Финансискиот извештај се слични и дека во 2024 год се останати 34 милиони кои се трансферирани во буџетот за 2025 г. Потоа, детално ја образложи реализацијата на приходите и расходите на буџетот по ставки и подставки.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка на Општина Кичево за 2024 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП ,,Комуналец" Кичево за 2024 година

**Раководителот на секторот за финансии на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека резултатите во извештајот не се посакувани, но биле реални и имале загуба. Имале реализација на приходите од околу 188 милиони, а на расходите реализацијата била од околу 198 милиони. Приходите биле остварени од водоснабдувањето, канализацијата собирањето на смет, прочистителната станица итн. Расходите биле најмногу за вработените, материјални и др. расходи. Истакна дека завршната сметка имала загуба од околу 8 милиони денари, а потоа ја образложи.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Финансискиот извештај за работа на ЈП ,,Комуналец" Кичево за 2024 година и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка на ЈП,,Комуналец" Кичево за 2024 година

**Претседателот на советот** информира дека преставникот од претпријатието ја образложил Завршната сметка заедно со предходната точка и ја стави на усвојување Завршната сметка на ЈП,,Комуналец" Кичево за 2024 година и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 1 глас ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на согласност на Статутот на ЈП,,Комуналец" Кичево

**Помошник директорот на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека е потребно да се направи соодветна измена во однос на класификацијата на цифрите на дејноста и потребна е промена на адресата на претпријатието во Централен регистар, бидејќи седиштето ќе биде на друга адреса. Од тие причини, како и

тоа што од 2013 година Статутот на претпријатието неколку пати е менуван, потребно било да се донесе нов Статут.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување  Предлог Одлуката за давање на согласност на Статутот на ЈП,,Комуналец“ Кичево истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  1 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајло Данилоски беше иземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**Претседателот на советот**- Информира дека наредните точки од 7-16 и 20 се Завршни сметки на училиштата и предложи поради постот тие да се гласаат во пакет. Истакна дека Директорите на училиштата биле присутни и доколку некој сакал да ги праша нешто за Завршните сметки тие биле тука и можат да одговорат.

Со тоа се согласија Советниците. Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОСУ ,, Мирко Милески“ Кичево

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување  Завршната сметка за 2024 г. на ОСУ ,, Мирко Милески“ Кичево и таа се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОСУ ,,Дрита“ Кичево

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОСУ ,,Дрита“ Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ ,, Санде Штерјоски“ Кичево

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ ,, Санде Штерјоски“  Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024г. на ОУ,,Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ,,Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево и истата се усвои со 21 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ . ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ,, Фаик Коница“ с.Грешница

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ,, Фаик Коница“ с.Грешница и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ,, Реџо Рушити“ с. Зајас

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ,, Реџо Рушити“ с. Зајас и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024 г на ЦОУ,, Милто Гура“ с. Стрелци

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ЦОУ,, Милто Гура“ с. Стрелци и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**14. ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ЦОУ,,Наим Фрашери“ с. Јагол Доленци

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ЦОУ,,Наим Фрашери“ с. Јагол Доленци и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**15. ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024 на ОУ,,Ѓерк Кастриоти- Скендербег“ Србица

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ,,Ѓерк Кастриоти- Скендербег“ Србица и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2024 на ОУ ,,Христо Узунов“ Другово

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ,,Христо Узунов“ Другово и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**20.ДВАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2024г. на ОУ,,Кузман Јосифоски Питу“Кичево.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ,,Кузман Јосифоски Питу“Кичево и истата се усвои со 16 гласа ЗА. 2 гласа ПРОТИВ. 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советничката Валентина Лазаревска е изземена од гласање, бидејќи е вработена во училиштето.

**17.СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2024 на ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево

**ВД Директорката на ЈОУДГ,, Олга Мицеска-** Информира дека за директор е именувана во месец февруар. Истакна дека материјалите им се дставени на советниците и доколку некој има некое прашање таа ќе одговори.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 на ЈОУДГ,, Олга Мицеска“ Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**18. ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Завршна сметка за 2024 г. на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорката**- Информира дека материјалите навреме се доставени и истакна дека имаат 4 сметки кои потоа ги образложи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2024 г. на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за давање согласност на Статут на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорката-** Информира дека измената на статутот е потребна поради укажувањето кое им било дадено од инспекторатот, а се состои во тоа што било потребно називот на институцијата да биде на 3 јазици: македонски, албански и англиски јазик.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање согласност на Статут на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на :

**21. ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на Извештајот за попис за 2024 г. во Општина Кичево

**Ленче Србиноска**-Информира дека Комисијата за попис во општината извршила попис на крајот од 2024 г. и за тоа изготвила Извештај кој советниците го добиле со материјалите. Извештајот се состоел од текстуален дел и табеларен приказ. Во текстуалниот дел биле наведени просториите во кои бил спроведен пописот. Заклучно со 31. 12. 2024 г. биле попишани основни средства и инвентар за кои се направени пописни листи кои се наоѓале во архивата на општината. Попишани биле и паричните средства на благајна и жиро сметките како и побарувањата кои ги има општината. Во табеларниот приказ биле преставени обврските кои ги има општината кон добавувачите заклучно со 31. 12.2024 г. преставени по фактури.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за попис за 2024 г. во Општина Кичево и истиот се усвои со 22 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**22. ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад

**Секретарот на општината**- Информира дека на минатата седница била донесена Одлука за меѓуопштинска соработка, а сега било потребно да се формира заедничка комисија која ќе ги изготви актите потребни за управување со отпадот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за формирање на заедничка комисија за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**23. ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Решение за именување на членови во заедничка комисија

**Секретарот на општината**- Информира дека е потребно да се именуваат членови на комисијата за да се отпочне со работата на претпријатието. Потребно било двајца членови: еден да биде правник и еден раководител. За членови биле предложени Арбен Ристеми-правник и Дарко Белески-раководител на ЛЕР.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Решението за именување на членови во заедничка комисија и истото се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**24. ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Заклучок за давање на позитивно мислење на Одлуката за утврдување на распоредот на работнотот време на ЈОУДГ,, Олга Мицеска" Кичево

**ВД Директорката**- Информира дека од министерството им е побарано да се утврди работното време со давање на позитивно мислење од страна на советот. Потоа ја образложи одлуката.

**Валбона Адили Емини**- Информира дека било добро што за директор на градинката била именована жена и и посака успешна и плодна работа. Замоли во текот на летниот период да се организира и да работи градинката, а не родителите да се принудуваат порано да ги земаат децата, бидејќи нема кој да им ги чува.

**ВД Директорката**- Информира дека така ќе биде.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Заклучокот за давање на позитивно мислење на Одлуката за утврдување на распоредот на работнотот време на ЈОУДГ,, Олга Мицеска" Кичево и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ(нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**25.ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за ГП 5.58 и ГП 5.59 од ДУП измена и дополна, за населба ,,Горно Пашино", УЕ ,,Е", Блок Е5-дел 2, Општина Кичево

**Фисник Фејза**- Информира дека и двете точки биле од урбанизам. Тие не биле предвидени на координацијата поради постот, а дневниот ред за седницата бил голем. Но, со инсистирање на странките и градоначалникот се

побарало од администрацијата, барем да им се уреди документацијата. Потоа ја образложи Одлуката и информира дека се работело за член 63 од Законот за урбанистичко планирање и дека од страна на сите инвеститори имало согласност да се отпочне со работа.

**Претседателот на советот** праша дали има некој за збор, но бидејќи никој не се јави ја стави на усвојување Предлог Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за ГП 5.58 и ГП 5.59 од ДУП измена и дополна, за населба ,,Горно Пашино", УЕ ,,Е", Блок Е5-дел 2, Општина Кичево и истата се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**26.ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за градежни парцели од ДУП на гарад Кичево- измена и дополна за нас. ,,Копачка -2"(КП 4257/2 и др.КО Кичево 1), Општина Кичево

**Фисник Фејза**- Информира дека овде се работело за 3 парцели. Планот бил стар и не бил електронски и тука се работело за член 63 од Законот за Урбанистичко планирање. Истакна дека имало согласност од сопствениците и во габарит ништо не било проширено, туку само било потргнато понастрана. Потребно било да се донесе само уште Одлука од советот, а другото било завршено.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за градежни парцели од ДУП на гарад Кичево- измена и дополна за нас. ,,Копачка -2"(КП 4257/2 и др.КО Кичево 1), Општина Кичево и истата се усвои со 18 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**27.ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА**: Разно

**Претседателот на советот** информира дека има едно барање од советничката Валентина Лазаревска за Програмата за екскурзии на учениците во ОУ,,Кузман Јосифоски "Кичево.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека е потребно советот да даде позитивно мислење за Програмата за екскурзии на учениците во ОУ,,Кузман Јосифоски ". Истакна дека за неа добиле позитивно мислење од Бирото.

**Валдет Селими**- Информира дека програмата е стигната до советот. Истакна дека директорите треба да ги достават до советот тие програми до 31 Март и тие ќе се стават на дневен ред за следната седница.

**Валентина Лазаревска**- Истакна да не се испушти рокот и екскурзиите да неможат да се реализираат. Бидејќи после добивањето на позитивното мислење потребо било да има Училишен одбор, па Совет на родители, па да се спроведе јавна набавка итн. Затоа, сега барала да се даде од страна на советот позитивно мислење, бидејќи рокот бил краток.

**Валдет Селими**- Информира дека екскурзиите треба да се предвидат после април.

**Претседателот на советот** информира дека тоа законски ќе се среди.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 12 часот и 10 минути.

Записничар — Совет на општина Кичево

Ленче Србиноска — Скендер Џабири